

***Треба да се нагласи дека свети Пантелемјон е патронот и симболот на успесите на аптеките „ЗЕГИН“, кој со години наназад го одбележува сопственикот на овие аптеки, бизнисменот Благој Механиски и неговото семејство, така беше и во 2007 година, кога во аптеката што го носи името на светецот во скопската населба Карпош III. Инаку, свети Пантелејмон бил лекар, кој со својата исцелителна моќ им помагал на луѓето. Затоа и не случајно тој е избран да биде симбол на успесите на „ЗЕГИН“.***

Исто така, празникот на црквата,  на великомаченикот, „Свети Пантелејмон“ на Плаошник, во Охрид беше прославен на свечен начин  на 9 август 2005 година. Таму беа поставени моштите на свети Климент кои беа сместени на средината од храмот за поклонение и целивање. Самиот храм беше премал за да може да го прими присутниот верен народ, кој трпеливо во редица чекаше да се поклони пред моштите на свети Климент Охридски, патронот на Македонската православна црква - Охридска архиепископија. На тој ден се навршија 1.700 години од маченичкото страдање на свети Пантелејмон, кому свети Климент му изгради црква на Самуиловата тврдина над Охрид и Охридското Езеро. http://www.mpc.org.mk/shim.gif" >

Мозаикот, пак, во црквата кој е атракција за верниците и посетителите е изработен од двајца истакнати македонски уметници господин Благој Кузмановски, професор на Ликовната академија во Скопје и господин Јани Антониев, претседател на Конзерваторскиот центар во Скопје.

Димензиите на овој мозаик, на кого се претставени свети Климент и свети Пантелејмон изнесуваат 240 х 166 см, и истиот е составен од околу 50.000 - 60.000 парчиња. Техниката употребена во изработката на мозаикот е таканаречената „opus tesselatumi“, додека мозаикот е изработен од природни камчиња викани „smalti“ и стаклена позлатена паста донесена од Венеција.

Донатор за изработката на овој значаен мозаик, кој ќе остане вечно во духовниот храм „Свети Пантелејмон“ на Плаошник, во Охрид е, секако, познатиот македонски бизнисмен и верник господинот Благој Механџиски, менаџерот на веледрогеријата „ЗЕГИН“ од Скопје.

Донаторството на менаџерот Благој Механџиски продолжи кога на 5 септември 2012 година донираше подвижна електрична инвалидска количка за потребата на посетителите на Музејот на македонската борба во Скопје.


Фото - ПРЖИН



[illegible]



**Пишува СЛАВЕ КАТИН**